# ЗАКОН ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

Сл.Весник на Р.Македонија бр.71 од 08.06.2006 година

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој закон се уредуваат основните начела за заштита, промоција и унапредување на менталното здравје, правата и обврските на лицата со ментална болест, правата и обврските на здравствените установи и здравствените работници и соработници, постапката за заштита на правата на лицата со ментална болест, како и надзорот над спроведувањето на законот.

### Член 2

а) Заштитата на менталното здравје на лицата со ментална болест се заснова врз поддршката на и во заедницата каде што тие живеат.
б) Заштитата на менталното здравје на лицата со ментална болест (во натамошниот текст: заштита на лица со ментална болест) се врши на начин и преку форми што во најголема можна мера не дозволуваат исклучување од заедницата во која тие живеат, како и ограничување на нивните права пропишани со овој или друг закон.

### Член 3

Заштитата на лицата со ментална болест се заснова на обезбедување на најдобра грижа, лекување и рехабилитација во согласност со тековните достигнувања во областа и во рамките на расположливите средства, соодветна на поединечните потреби на лицето, со отсуство на каква било психичка и физичка злоупотреба, со целосен респект на достоинството на неговата личност и во негов најдобар интерес.

### Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. "Лице со ментална болест" е лице кај кое е дијагностицирано постоење на ментална болест од страна на лекар специјалист -психијатар, според дијагностичките критериуми засновани на медицина базирана на докази;
2. "Заштита на лица со ментална болест" е збир на активности што ги преземаат здравствениот, социјалниот и пенитенцијарниот систем согласно со овој закон и друг закон од соодветната област преку интерсекторски и интердисциплинарен систем на мерки;
3. "Согласност" е слободно и без никаква присила изјавена волја на лицето со ментална болест кое има способност за расудување, врз основа на претходно добиена информација за негата, третманот и рехабилитацијата, како и за правата што ги има лицето и начинот на нивното користење;

4. "Дискриминација" е какво било изолирање, исклучување, оддалечување или друг третман што има ефект на повреда или прекршување на еднаквоста во уживањето на правата, освен во случаите уредени со овој закон и
5. "Заедница" е поширoката средина во која има постојано живеалиште лицето со ментална болест.

**Член 5**

Здравствените установи во спроведувањето на мерките за заштита на лицата со ментална болест соработуваат со установите во социјалниот и пенитенцијарниот систем.

## II. Права на лицата со ментална болест

**Член 6**

Лице со ментална болест ги има правата и обврските пропишани со овој или друг закон.

**Член 7**

а) Личноста, достоинството и приватноста на секое лице со ментална болест мора да се почитува.
б) Лицето со ментална болест има право на заштита од каков било облик на малтретирање, понижување и злоставување и не смее да биде дискриминирано поради состојбата со неговото ментално здравје.

**Член 8**

Лицето со ментална болест има право на ист третман во грижата, лекувањето и рехабилитацијата, како и лицата болни од други болести.

**Член 9**

Секое лице со ментална болест има право на грижа, лекување и рехабилитација што се во најголем степен во согласност со неговите поединечни потреби и способности и што ја унапредуваат состојбата со неговото ментално здравје, со цел да се оспособи за вклучување во заедницата.

**Член 10**

Секое лице со ментална болест има право на обезбедување на хумана и безбедна животна средина.2

**Член 11**

Лицето со ментална болест има право на работа во согласност со состојбата на неговото здравје.

**Член 12**

Лицата со ментална болест имаат посебни права во врска со нивните посебни потреби, во согласност со овој закон и друг закон.

## III. Права и обврски на лицата со ментална болест во здравствените установи

### Член 13

Лицето со ментална болест сместено во здравствена установа, покрај општите права уредени со овој закон, има посебни права и обврски за време на престојот во здравствената установа.

### Член 14

Лицето со ментална болест од членот 13 на овој закон, за време на престојот во здравствената установа ги има и следниве права:

1) да биде работно ангажирано и да прима надоместок за работата, ако установата стекнува приход од неговата работа;
2) да биде сместено во одвоени простории од лице од различен пол;
3) малолетно лице да биде сместено одвоено од полнолетно лице;
4) на лични контакти со лица од установата или други лица;
5) да прима и испраќа пошта и прави телефонски разговори;
6) да следи радио и телевизиски програми во рамки на можностите на здравствената установа;
7) да поседува предмети за лична употреба за облекување, обезбедување на лична хигиена, како и за други лични и неопходни потреби во согласност со состојбата на неговото ментално здравје;
8) да учествува по свој избор во верски активности во рамки на можностите на здравствената установа;
9) да користи викенд - отсуство во согласност со состојбата на неговото ментално здравје доколку тоа условите го дозволуваат, освен ако не се работи за притворено лице со ментална болест и
10) лична сигурност.

### Член 15

Лицето со ментална болест за време на престојот во здравствена установа треба, во согласност со состојбата на неговото ментално здравје:

1) да постапува според советите на здравствените работници за негова нега, третман и рехабилитација;
2) да ги почитува правилата за однесување во здравствената установа и
3) да прифати работен ангажман, доколку тој е дел од неговата рехабилитација.

### Член 16

Лице со ментална болест може да се прими во која било болничка здравствена установа во следниве случаи:

1) ако се согласило на нега, третман и рехабилитација или за прием;
2) врз основа на судска одлука и
3) во случаи кога какво било одложување на нега, третман или рехабилитација или за прием заради моментната состојба со неговото ментално здравје може да доведе до смрт или непоправлива штета по неговото здравје, сериозна само повреда или повреда на други, како и предизвикување на сериозна материјална штета.

## IV. Обврски на здравствените установи и здравствените работници и соработници

**Член 17**

а) Здравствената установа при приемот на лице со ментална болест е должна да го утврди неговиот идентитет, врз основа на податоците во личната карта и здравствената легитимација.
б) Податоците за лицето од ставот 1 на овој член при приемот се воведуваат во евиденција согласно со прописите за евиденција во областа на здравството.

**Член 18**

а) Здравствена установа е должна податоците за денот и часот на приемот на лицето со ментална болест, идентитетот, медицинскиот упат, извештаите за состој бата со менталното здравје, планот и програмата за третман и рехабилитација, како и други документи во врска со состојбата со менталното здравје на лицето да ги евидентира, комплетира и чува на начин кој обезбедува нивна тајност и заштита согласно со прописите за заштита на личните податоци.
б) Податоците од ставот 1 на овој член здравствената установа може да ги достави до друг лекар ако тоа е неопходно за натамошниот третман и нега на лицето со ментална болест, до службените лица во надлежниот центар за социјална работа, како и до други надлежни државни органи, на нивно писмено барање.

**Член 19**

Здравствената установа е должна на лицата со ментална болест кои се сместени во неа да им обезбеди услови за остварување на правата уредени во овој закон.

**Член 20**

а) Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување.
б) Се забранува вршење на клинички или експериментални истражувања на лице со ментална болест.
в) Се забранува стерилизација на лице со ментална болест.
г) Се забранува дискриминација врз основа на полот, јазикот, верата, политичкото или друго уверување, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус на лицето со ментална болест.
д) Се забранува цензура или отворање на писмените документи на лицето со ментална болест, како и набљудување на неговата комуникација со лица надвор од здравствената установа.
ѓ) Се забранува ангажирање на лице со ментална болест за вршење на работните задачи на персоналот во здравствената установа.
Се забранува преземање на медицински и хируршки зафати, како и електроконвулзивна терапија без согласност на лицето со ментална болест или неговиот законски застапник, освен во случај кога таквите зафати и

терапии се неопходни за да се спречи смрт или влошување на здравствената состојба на лицето со ментална болест.

**Член 21**

Здравствената установа е должна да дава информации на лицето со ментална болест од членот 19 на овој закон, ако со тоа не се предизвикува нарушување на состојбата со неговото ментално здравје.

**Член 22**

а) Здравствената установа е должна за приемот на лице со ментална болест веднаш да ги извести родителите, законските застапници или други лица од кругот на лицата кои живеат во заедничко домаќинство со лицето со ментална болест.

б) Лицето не смее да се смести во здравствена установа без негова согласност или без одлука на надлежниот суд, кој во рок од 48 часа треба да донесе одлука.

**Член 23**

а) Здравствената установа е должна, по приемот и распоредувањето на лицето со ментална болест да определи стручен тим за третман и рехабилитација на лицето со ментална болест.

б) Стручниот тим од ставот 1 на овој член е должен да подготви поединечна програма за третман и рехабилитација во писмена форма за лицето со ментална болест.

в) Програмата за третман од ставот 2 на овој член има за цел да се подобри здравствениот статус на лицето со ментална болест најмалку до мера лицето да се оспособи за нега и третман во заедницата.

г) Ако лицето од ставот 1 на овој член претходно било сместено во здравствена установа, претходното сместување не смее да претставува основа за донесување на одлука за повторно сместување на лицето во здравствена установа.

д) Во програмата задолжително треба да се предвидат контролни прегледи најмалку на период од еден месец, заради утврдување на состојбата со ментално здравје на лицето.

**Член 24**

а) Здравствената установа е должна да го отпушти лицето со ментална болест ако стручниот тим од членот 23 став 1 на овој закон утврди дека состојбата со менталното здравје на лицето е подобрена до степен да може да се упати на натамошен третман и нега во заедницата.

б) Лицето од ставот 1 на овој член при отпуштањето задолжително се информира за состојбата со неговото ментално здравје и се упатува за остварување на права во системот на здравствена или социјална заштита на ниво на заедницата.

в) Здравствената установа е должна да ги извести родителите, законските застапници или другите лица од кругот на лицата кои живеат во заедничко домаќинство за отпуштање на лицето со ментална болест.

г) Здравствената установа е должна да го отпушти лицето со ментална

болест кое е сместено без негова согласност само врз основа на одлука на надлежниот суд, донесена врз основа на мислењето на стручниот тим од членот 23 став 1 на овој закон.

## V. Заштита на правата на лицата со ментална болест

**Член 25**

Здравствената установа е должна да дава правни совети и правна помош на лицата со ментална болест во однос на остварувањето и заштитата на нивните права.

**Член 26**

Лицата со ментална болест имаат право, лично или преку нивниот законски застапник, на усна поплака до директорот на здравствената установа ако им е повредено правото.

**Член 27**

а) Лицата со ментална болест имаат право лично или преку нивниот законски застапник и на писмена поплака до директорот на здравствената установа, во рок од осум дена од денот на повредата на правото или од сознавањето за повреда на правото.

б) Директорот на здравствената установа е должен да ги испита наводите во поплаката и во рок од 15 дена од денот на приемот на поднесокот да го извести за наодите лицето со ментална болест или неговиот законски застапник.

**Член 28**

а) Лицата со ментална болест во врска со грижата, лекувањето и рехабилитацијата во здравствената установа има право лично или преку нивниот законски застапник да поднесуваат претставки и други поднесоци до Министерството за здравство, надлежните органи и други институции.

б) Министерството за здравство е должно во рок од 30 дена да ги испита наводите во поплаката и да го извести лицето со ментална болест или неговиот законски застапник.

в) Претставките и другите поднесоци од ставот 1 на овој член се упатуваат и добиваат преку здравствената установа.

**Член 29**

Лицето со ментална болест има право на судска заштита за сторена повреда на неговото право на начин и во постапка утврдена со закон.

## VI. Третман и рехабилитација на осудени и притворени лица со ментална болест

**Член 30**

Осудените лица кај кои ќе се утврди ментална болест подлежат на медицински третман во установа, а кога тоа е потребно врз основа на наод на лекар се упатуваат во соодветна здравствена установа.

**Член 31**

Осудените лица кои за време на издржувањето на казната ќе заболат од ментална болест или покажуваат тешка психичка растроеност утврдена од лекар - специјалист по психијатрија, надлежниот орган за извршување на санкциите ќе ги упати во соодветна здравствена установа на лекување и чување додека не престане потребата од нивно натамошно лекување и чување, што се утврдува според закон.

**Член 32**

а) Осудено лице со ментална болест може да бара психијатриски лекарски преглед на свој трошок, доколку таков преглед не определи лекарот на установата во која ја извршува казната.
б) За барањето на осуденото лице одлучува директорот на установата од ставот 1 на овој член по прибавено мислење од лекарот на установата.

**Член 33**

За упатувањето на притворените лица со ментална болест во здравствена установа, одлучува надлежниот суд.

## VII. Комисија за ментално здравје

**Член 34**

а) Советот на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на здравствената установа, односно Советот на градот Скопје формира Комисија за ментално здравје (во натамошниот текст: Комисијата), за прашања од интерес на лицата со ментална болест.
б) Како прашања од интерес за лицата со ментална болест, во смисла на овој закон, се смета остварувањето на правата на лицата со ментална болест.

**Член 35**

Комисијата ги врши следниве работи:
- ја следи состојбата со заштитата на правата на лицата со ментална болест,
- разгледува поплаки од лица со ментална болест и предлага мерки до надлежните органи,
- предлага мерки за подобрување на условите за сместување и грижата на лицата со ментални болести до надлежните органи,
- помага во остварувањето на правото на жалба пред надлежните државни

органи,
- го следи вклучувањето во заедницата и предлага мерки до надлежните органи,
- бара стручни мислења ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на одредена состојба,
- води евиденција за својата работа и
- подготвува извештаи за состојбата со остварувањето на правата утврдени со овој закон и други прописи на лицата со ментална болест и ги доставува до советот на општината, односно Советот на градот Скопје и Министерството за здравство.

**Член 36**

а) Комисијата е составена од:
- доктор на медицина, специјалист по психијатрија предложен од Лекарската комора на Македонија,
- дипломиран психолог, специјалист по медицинска психологија предложен од Комората на психолози на Република Македонија,
- дипломиран правник предложен од Министерството за здравство и
- претставник на општината, односно градот Скопје предложен од градоначалникот на општината, односно од градот Скопје.

б) Членовите на Комисијата не смеат да бидат вработени во болнички здравствени уста-нови во кои се укажува здравствена заштита на лица со ментална болест.

в) Мандатот на членовите на Комисијата е две години.

**Член 37**

Општината, односно градот Скопје обезбедува услови за работа на Комисијата. Комисијата работи врз основа на деловник за работа.

## VIII. Надзор над спроведувањето на законот

**Член 38**

Надзор над примената на овој закон врши Министерството за здравство. Инспекцискиот надзор над спроведувањето на овој закон го врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат согласно со закон.

**Член 39**

Во вршењето на надзорот од членот 38 став 2 на овој закон Државниот санитарен и здравствен инспекторат има право и должност да:

1) забрани лице со ментална болест од членот 13 на овој закон да биде работно ангажирано без надоместок за работата, ако здравствената установа стекнува приход од неговата работа;
2) забрани лице со ментална болест да биде сместено во иста просторија со лице од спротивен пол;
3) забрани малолетно лице да биде сместено со полнолетно лице;
4) забрани лице со ментална болест да се прими во болничка здравствена установа без негова согласност, освен ако лицето се прима

врз основа на членот 15 став 1 точки 2 и 3 од овој закон;
5) нареди да му се овозможат лични контакти на лице со ментална болест со лица од здравствената установа или други лица;
6) нареди да се овозможи прием и испраќање на пошта и водење на телефонски разговори на лице со ментална болест;
7) нареди да се овозможи следење на радио и телевизиски програми на лице со ментална болест во рамките на можностите на здравствената установа;
8) нареди да се овозможи на лице со ментална болест поседување на предмети за лична употреба за облекување, обезбедување на лична хигиена, како и за други лични и неопходни потреби во согласност со состојбата на неговото ментално здравје;
9) нареди да се овозможи на лице со ментална болест учество, по сопствен избор, во верски активности во рамки на можностите на здравствената установа;
10) нареди да се овозможи на лице со ментална болест викенд -отсуство во согласност со состојбата на менталното здравје на лицето доколку тоа условите го дозволуваат, освен ако не се работи за притворено лице со ментална болест;
11) нареди обезбедување на услови за лична сигурност на лице сместено во здравствена установа;
12) нареди здравствената установа да дава информации на лицето со ментална болест од членот 19 на овој закон, ако со тоа не се предизвикува нарушување на состојбата со неговото ментално здравје;
13) нареди на здравствената установа за приемот на лице со ментална болест веднаш да ги извести родителите, законските застапници или други лица од кругот на лицата кои живеат во заедничко домаќинство со лицето со ментална болест, односно ако лицето е сместено во здравствена установа без негова согласност, да го извести надлежниот суд;
14) нареди здравствената установа, по приемот и распоредувањето на лицето со ментална болест, да определи стручен тим за третман и рехабилитација на лицето со ментална болест;
15) нареди на здравствената установа да подготви поединечна програма за третман и рехабилитација во писмена форма за лицето со ментална болест со предвидени контролни прегледи најмалку на период од еден месец, заради утврдување на состојбата со менталното здравје на лицето;
16) нареди здравствената установа да го отпушти лицето со ментална болест ако стручниот тим од членот 23 став 1 на овој закон утврди дека состојбата со менталното здравје на лицето е подобрена до степен да може да се упати на натамошен третман и нега во заедницата;
17) нареди здравствената установа да го информира лицето од членот 24 став 1 на овој закон при отпуштањето за состојбата со неговото ментално здравје, да го упати за остварување на права во системот на здравствена или социјална заштита на ниво на заедницата, како и да ги извести родителите, законските застапници или другите лица од кругот на лицата кои живеат во заедничко домаќинство за отпуштање на лицето со ментална болест;
18) нареди здравствената установа да дава правни совети и правна

помош на лицата со ментална болест во однос на остварувањето и заштитата на нивните права и
19) нареди спроведување и на други мерки на заштита на правата на лицата со ментална болест пропишани со овој закон.

## IX. Казнени одредби

### Член 40

а) Со парична казна од 150.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице, ако:
1) не го утврди идентитетот на лицето со ментална болест при неговиот прием во здравствената установа (член 17 став 1);
2) не води евиденција за податоците за лицето со ментална болест кое е примено во здравствената установа (член 17 став 2);
3) не ги чува како службени документи од доверлива природа податоците за денот и часот на приемот на лицето со ментална болест, идентитетот, медицинскиот упат, извештаите за состојбата со менталното здравје, планот и програмот за третман и рехабилитација, како и други документи во врска со состојбата со менталното здравје на лицето (член 18 став 1);
4) ги достави податоците од членот 18 став 1 на овој закон до друг лекар, до службените лица во надлежниот центар за социјална работа, како и до други надлежни државни органи без нивно писмено барање (член 18 став 2);
5) преземе кој било облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување или не го обезбеди правото на лична сигурност на лицето со ментална болест (член 20 став 1);
6) врши клинички или експериментални истражувања на лице со ментална болест (член 20 став 2);
7) изврши стерилизација на лице со ментална болест (член 20 став 3);
8) врши дискриминација врз основа на полот, јазикот, верата, политичкото или друго уверување, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус на лицето со ментална болест (член 20 став 4);
9) врши цензура или отворање на писмените документи на лицето со ментална болест, како и ако ја набљудува неговата комуникација со лица надвор од здравствената установа (член 20 став 5);
10) ангажира лице со ментална болест за вршење на работните задачи на персоналот во здравствената установа (член 20 став 6);
11) презема медицински и хируршки зафати, како и електроконвулзивна терапија без согласност на лицето со ментална болест или неговиот законски застапник, освен во случај кога таквите зафати и терапии се неопходни за да се спречи смрт или влошување на здравствената состојба на лицето со ментална болест (член 20 став 7);
12) не даде информации на лицето со ментална болест од членот 19 на овој закон, а притоа со тоа не се предизвикува нарушување на состојбата со неговото ментално здравје (член 21);

13) не ги извести родителите, законските застапници или други лица од кругот на лицата кои живеат во заедничко домаќинство за приемот на лице со ментална болест во здравствена установа (член 22 став 1);
14) не го извести надлежниот суд за сместување на лице со ментална болест во здравствена установа без негова согласност (член 22 став 2);
15) не определи стручен тим и не подготви поединечна програма за третман и рехабилитација во писмена форма за лице со ментална болест веднаш по неговиот прием и сместувањето во здравствената установа (член 23 ставови 1 и 2);
16) донесе одлука за повторно сместување на лице со ментална болест во здравствената установа исклучиво врз основа на тоа што лицето претходно било сместено во здравствена установа (член 23 став 4);
17) во програмата не предвиди контролни прегледи најмалку на период од еден месец, заради утврдување на состојбата со ментално здравје на лицето (член 23 став 5);
18) не го отпушти лицето со ментална болест кога ќе утврди дека состојбата со менталното здравје на лицето е подобрена до степен да може да се упати на натамошен третман и нега во заедницата (член 24 став 1);
19) не го информира лицето со ментална болест при отпуштањето за состојбата со неговото ментално здравје или не го упати за остварување на права во системот на здравствена или социјална заштита на ниво на заедницата (член 24 став 2);
20) не ги извести родителите, законските застапници или другите лица од кругот на лицата кои живеат во заедничко домаќинство за отпуштање на лицето со ментална болест (член 24 став 3);
21) не го отпушти лицето со ментална болест кое е сместено без негова согласност врз основа на одлука на надлежен суд (член 24 став 4);
22) не им дава правни совети и правна помош на лицата со ментална болест во однос на остварувањето и заштитата на нивните права (член 25);
23) не обезбеди услови на лицата со ментална болест да поднесуваат претставки и други поднесоци до надлежните органи и други институции (член 28);
24) не обезбеди услови на лицата со ментална болест за поднесување на усна и писмена поплака до директорот на здравствената установа, ако им е повредено правото (членови 26 и 27);
25) не се испитаат наводите во поплаката и во рок од 15 дена од денот на приемот на поднесокот не се извести лицето со ментална болест или неговиот законски застапник (член 27 став 2) и
26) на заболено осудено лице не му се обезбедат услови да бара специјалистички лекарски преглед на свој трошок, доколку таков преглед не определи лекарот во установата(член 32).
б) Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршокот од ставот 1 на овој член и одговорното лице во правното лице.
Покрај паричната казна од ставот 1 на овој член на правното лице ќе му се изрече мерка на безбедност забрана за вршење на дејност од шест месеца до две години.
в) На одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на

овој член ќе му се изрече мерка на безбедност забрана за вршење на должност во траење од три месеца до една година.
г) Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот 1 на овој член и физичко лице.
д) На физичко лице за дејствијата од ставот 1 точки 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 на овој член ќе му се изрече мерка на безбедност забрана за вршење на професија.

## X. Преодна и завршна одредба

### Член 41

Здравствените установи се должни своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 42

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".